ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 09.08.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Ново работно време и работа за време на викенди

Со цел намалување на редиците во подрачната служба на ФЗОМ во Скопје, покрај продолжувањето на работното време од 7 и 30 до 18 и 30 часот и воведување на систем со бројчиња како и зголемување на бројот на шалтерските служби за пререгистрација на невработените лица, ФЗОМ денес одлучи да ПС Скопје работи и за викендите.

ФЗОМ одржа работна средба со Министерот за здравство Г-дин Никола Тодоров на која беше запознаен со тековните активности на Фондот. На средбата беше разговарано и за актуелната состојба со невработените лица, на која се заклучи дека се превземаат потребните активности за намалување на редиците како и за навремено завршување на обврската за пререгистрација на невработените лица.

ФЗОМ апелира за трпеливост на невработените лица кои треба да извршат пререгистрација и ги уверува дека Фондот максимално ги вложува своите капацитети и првенствено дава приоритет на пререгистрацијата на невработени лица.

.

Бранко Аџигогов
Портпарол